Врз основа на член 22, став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 143/2019 и 14/2020), а во согласност со член 22, став 1, точка 1 и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 106/2008 ... 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 110/2019), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој објавува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
Agjencia për përkrahje financiare në bujqësi dhe zhvillim rural
Бр./Nr. 04-56/2
04-01-2023 viti 20 год.
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЈАВЕН ОГЛАС

за вработување на 9 извршители на определено време и тоа:

1. **Помлад соработник за преглед на документација**, одделение за директни плаќања за растително производство, сектор за директни плаќања во земјоделството – 1 (еден) извршител.

   Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

   - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на **економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или наука за земјиштето и хидрологија,**
   - со или без работно искуство во струката и
   - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

   Просечна месечна нето плата: приближно 20.900,00 денари.

2. **Помлад соработник за подготовка и преглед на документација**, одделение за подобрување на конкурентноста на земјоделството, сектор за одобрување на проекти – 1 (еден) извршител.

   Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

   - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на **организациони науки и управување (менаџмент), добиточно производство (сточарство)** или **наука за земјиштето и хидрологија**,
   - со или без работно искуство во струката и
   - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

Просечна месечна нето плата: приближно 20.900,00 денари.

3. **Помлад соработник за подготовка и преглед на документација**, одделение за подобрување на конкурентноста на земјоделството, сектор за одобрување на проекти – 1 (еден) извршител.

   Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

   - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на **машинство, шумарство и хортикултура** или **политички науки,**
   - со или без работно искуство во струката и
   - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

   Просечна месечна нето плата: приближно 20.900,00 денари.

4. **Помлад соработник за подготовка и преглед на документација**, одделение за одобрување на инвестиции во преработка и маркетинг на земјоделски производи, сектор за одобрување на проекти – 1 (еден) извршител.

   Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

   - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на **економски науки**, **наука за земјиштето и хидрологија** или **растително производство**,
   - со или без работно искуство во струката и
   - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

   Просечна месечна нето плата: приближно 20.900,00 денари.

5. **Помлад соработник за подготовка и преглед на документација**, одделение за одобрување на инвестиции во преработка и маркетинг на земјоделски производи, сектор за одобрување на проекти – 1 (еден) извршител.

   Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

   - ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето

на **технологија на прехранбени производи, добиточно производство (сточарство)** или **економски науки**

- со или без работно искуство во струката и
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

Просечна месечна нето плата: приближно 20.900,00 денари.

6. **Помлад соработник за подготовка и извршување на контрола во Скопскиот регион**, одделение за контрола на мерките за директни плаќања финансирани од Буџетот на Република Македонија, сектор за контрола на терен – 1 (еден) извршител.

Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

- ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на **економски науки, биотехнологија или правни науки**
- со или без работно искуство во струката и
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

Просечна месечна нето плата: приближно 20.900,00 денари.

7. **Помлад соработник за прибирање и обработка на податоци**, одделение за Систем на идентификација на земјишни парцели, сектор за регистри – 1 (еден) извршител.

Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

- ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на **наука за земјиштето и хидрологија**
- со или без работно искуство во струката и
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

Просечна месечна нето плата: приближно 20.900,00 денари.

8. **Помлад соработник за извршување на Буџетот на Агенцијата**, одделение за буџетска координација, сектор за финансиски прашања – 1 (еден) извршител.

Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

- ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето на **економски науки или организациони науки и управување(менаџмент),**
- со или без работно искуство во струката и
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

Просечна месечна нето плата: приближно 20.900,00 денари.

9. **Помлад соработник за одржување на информатички мрежи**, одделение за техничка поддршка, сектор за информатичка и комуникациска технологија – 1 (еден) извршител.

Покрај општите услови за вработување наведени во овој оглас, кандидатите за ова работно место треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

- ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето **комјутерска техника и информатика, телекомуникационо инженерство или електротехника,**
- со или без работно искуство во струката и
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

Просечна месечна нето плата: приближно 20.900,00 денари.

Секој од кандидатите за наведените работни места, покрај наведените услови, треба да ги исполнува и општите услови за вработување наведени во член 31 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019 и 20/2020) и тоа:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Работната недела трае 5 работни дена, од понеделник до петок. Полното работно време на работникот изнесува 40 часа неделно, а во текот на работниот ден трае 8 часа и тоа со почеток меѓу 07:30 и 08:30 часот и крај меѓу 15:30 и 16.30 часот.

Сите објавени работни места се за вработување на определено време со времетраење до 31.12.2023 година. Со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување на определено време.

Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

**Ве молиме да аплицирате само на работни места за кои ги исполнувате предвидените услови за вработување.**

**Потребни документи за аплицирање:**

- кратка биографија на македонски јазик (CV) **во која на првата страна ќе наведете за кое работно место или работни места аплицирате**,
- уверение за завршено соодветно образование (копија) и
- уверение за државјанство (копија).

Документите е потребно да бидат испратени во затворен коверт на кој ќе пишува „оглас за вработување“ на следната адреса:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**
**бул. 3-та Македонска бригада број 20 (зграда на Македонија табак, блок Ц),**
**1000 Скопје, Република Северна Македонија**

или да се доставаат лично во Писарницата на Агенцијата.

**Ве молиме да ги доставите само бараните документи и тоа како што е наведено - во копија.**

**Рокот за поднесување на документи изнесува 3 (три) работни денови од денот на објавување на овој оглас.**

Ненавремената и некомплетна документација нема да биде разгледувана.

Изборот на лицата кои ќе засноваат работен однос на определено време во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе се изврши во рок од 45 дена од денот на истекот на рокот за пријавување.

Се охрабруваат сите кандидати кои сметаат дека се способни, мотивирани за тимска работа и ги исполнуваат условите да аплицираат на овој оглас.

Напомена: **Сите апликации ќе бидат внимателно разгледувани од страна на Комисија на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните услови на работните места за кои аплицирале и имаат уредна документација ќе бидат контактирани.**

**Комуникацијата со апликантите ќе се одвива исклучиво преку е-маил, поради што е неопходно во вашето CV да наведете е-маил адреса што редовно ја користите.**

*Повеќе информации за дејноста на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој може да се најдат на www.ipardpa.gov.mk*

**Лице за контакт:**
**Ангелина Јовановска**
**е-пошта: angelina.jovanovska@ipardpa.gov.mk**
**Тел. +389 2 2445 851**